**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РС Македонија“ бр.42/20 и 77/21), се доставува


АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 24.06.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 11 | 2444 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** <u>**контролен**</u>

**2. Субјекти на надзорот:** Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје

**3. Датум на извршување на надзорот:** 24.06.2021 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се утврди дали операторот постапил по Решението за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси во рокот определен во истото, односно дали програмските сервиси што ги реемитува се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во согласност со член 141 од ЗАВМУ.

**5. Претходно изречени мерки:**

Решение за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси (Уп.1 бр.11-286 од 28.05.2021 година), со кое на операторот му се наложува веднаш по приемот да го усогласи своето работење со член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Решението е донесено врз основа на Писмен извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-2031/1 од 21.05.2021 година.

Решението е уредно примено на 31.05.2021 година.

**6. Констатација од надзорот:**

Со контролниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, констатирано е дека операторот постапил во целост по упатеното решение.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**